**20232213868**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 46 став (11) од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.87/21) министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, ПЛАНИРАЊЕТО, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И ИСПИТОТ, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ЛИЦЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Во Правилникот за програмата за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/19) во член 5 во ставот (2) зборот „седум“ се заменува со зборовите „десет работни“.

Во ставот (3) зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Обучувачите кои ја прифатиле поканата за обука, треба во рок од три дена од денот на прифаќање на поканата за предавање, да прикачат презентација, како и определен број на вежби и прашања за проверка на знаење кои ќе ги работат со учесниците на предавањето.“

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„(1) По завршување на обуката, на учесниците кои посетувале 80% од обуката им се испраќа датум и час на полагање на испитот.

(2) Испитот се полага во специјално опремена просторија со информатичка опрема, софтвер за спроведување на испитот и опрема за снимање на полагањето.

(3) Пред почетокот на полагањето на испитот, се потврдува идентитетот на секој од учесниците и се запознаваат со текот и правилата на полагањето.

(4) Испитот е во времетраење од 45 минути и содржи 40 прашања со понудени четири одговори, од кои само еден одговор е точен.

(5) За време на полагањето не треба да се користи мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, прирачници, презентации, авторски текстови за јавни набавки, пишуван материјал или друг извор за информации, а може да се користи закон (без коментари и објаснувања), кој во хартиена верзија од страна на комисијата ќе им биде даден на учесниците.

(6) Учесникот кој користи помагала од ставот (5) на овој член, како што се мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, прирачници, презентации, авторски текстови за јавни набавки, пишуван материјал или друг извор за информации или без дозвола ја напушти просторијата во која се полага испитот нема да може да продолжи со полагање на испитот.

(7) Резултатот, односно бројот на бодови од испитот на учесникот му е достапен на компјутерот на кој го полагал, веднаш по неговото завршување.

(8) По завршување на испитот, комисијата изготвува записник кој го содржи текот на одржување на испитот и остварените резултати на учесниците.“

Член 3

Во член 8 во ставот (2) бројот „75“ се заменува со бројот „80“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-7078/1
19 октомври 2023 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.